*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на постапување со документите кои ја сочинуваат законодавната архива

**Скопје, мај 2024 година**

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 64 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 91/2008, 119/10 и 23/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19 година), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

# П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на постапување со документите кои ја сочинуваат законодавната архива

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на постапување со документите кои ја сочинуваат законодавната архива бр.01-4252/1 од 11.11.2014 година, во членот 1 зборовите: „Собранието на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Собранието на Република Северна Македонија“.

**Член 2**

Членот 5 се менува и гласи: „(1) Работите на доставување на документите ги извршуваат:

-Законодавно-правен сектор;

-Сектор за седници на Собранието;

-Сектор за работни тела на Собранието;

-Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите;

-Сектор за меѓународна соработка на Собранието;

-Сектор за административни работи;

-Сектор за поддршка на Советот на собранискиот канал.

(2)Работите на обработка, достапност и користење, заштита и надзор ги врши Посебна организациона едиица - Парламентарен институт (Сектор за едукација, комуникација и библиотека).

**Член 3**

Во членот 10 став (2), зборовите „архивско“ се бришат.

**Член 4**

Насловот на главата „III. КОРИСТЕЊЕ НА АРХИВСКОТО ДЕПО И ПРИСТАП ДО ДОКУМЕНТИТЕ ВО АРХИВСКОТО ДЕПО“ се менува и гласи:„КОРИСТЕЊЕ НА

ДЕПОТО НА СОБРАНИЕТО И ПРИСТАП ДО ДОКУМЕНТИТЕ ВО ДЕПОТО НА СОБРАНИЕТО“.

Членот 11 се менува и гласи: „(1) Покрај Парламентарниот институт во депото ќе се чуваат и документите кои произлегуваат од работата на Законодавно-правен сектор; Сектор за работни тела на Собранието, Сектор за административни работи, Сектор за финансиски прашања и Сектор за управување со човечки ресурси.“

(2) Просторот во депото ќе се користи на следниот начин:

-системот на компактни полици од 1,150 линеарни метри за Парламентарниот институт наменет за законодавната архива;

-системот на компактни полици од 150 линеарни метри за Законодавно-правен сектор;

-фиксираните полици без брави од 16 линеарни метри за Секторот за работни тела на Собранието;

- фиксираните полици со брави од 222 линеарни метри за документите на Секторот за административни работи, Секторот за финансиски прашања и Секторот за управување со човечки ресурси;

- фиксираните полици без брави од 50 линеарни метри за библиотеката во Парламентарниот институт.“

**Член 5**

Во членот 12 ставот (1) се менува и гласи: „(1) Пристап до депото ќе имаат само вработените од организционите единици кои го користат депото, овластени од страна на генералниот секретар на Собранието.“

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
Цветанка Иванова

Број 01-2490/1
14 мај 2024 година,
Скопје